**ГРАД СКОПЈЕ**

| | |
|---|---|
| **ПРЕДЛАГАЧ:** | **Градоначалник на Град Скопје** |
| **ИЗГОТВУВАЧ:** | **Сектор за образование** |
| **ПРЕТСТАВНИК:** | **Раководител на Сектор за образование** |
| **ПОВЕРЕНИК:** | **Помошник Раководител на Сектор за образование** |

# ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА
## за давање согласност за основање на Средното училиште на Град Скопје „Марија Кири Склодовска“ - Скопје како државно средно училиште - регионален центар за стручно образование и обука

Скопје, јуни 2026 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на Член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24), а во врска со Член 29, став (1) од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Северна

Македонија“ број 3/25 и 74/25), Советот на Град Скопје, на __________ седница одржана на ден __.06.2026 година, донесе:

## О Д Л У К А
**за давање согласност за основање на Средното училиште на Град Скопје „Марија Кири Склодовска“ - Скопје како државно средно училиште -регионален центар за стручно образование и обука**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Град Скопје во својство на основач на Средното училиште на Град Скопје „Марија Кири - Склодовска“ - Скопје, **дава согласност** Средното училиште на Град Скопје „Марија Кири - Склодовска“ - Скопје да се основа како државно средно училиште - регионален центар за стручно образование и обука.

**Член 2**

Постапката за основање на регионален центар за стручно образование и обука ќе ја спроведе Владата на Република Северна Македонија на начин и постапка утврдена со Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 3/25 и 74/25).

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје”.

Број ______________
__________2026 година
Скопје

**С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е**
**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л,**
**проф. д-р Даме Димитровски**

## О б р а з л о ж е н и е

Во Членот 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24) е пропишана надлежноста на Советот на Градот Скопје.

Во Членот 29, став (1) од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 3/25 и 74/25) е пропишано: „Регионален центар се основа со одлука на Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата) на предлог на Министерството, од редот на постојните општински средни училишта / средни училишта на Град Скопје, во кои се остваруваат наставни планови и наставни програми за стручно образование и обука, а по претходна согласност од основачот на општинското средно училиште / средно училиште на Град Скопје, или како нов регионален центар“. Согласно цитираната законска одредба од Законот за стручно образование и обука, Министерството за образование и наука со Барање за давање согласност за основање регионален центар за стручно образование и обука од постојно средно училиште на Град Скопје со дел. број 13-7092/2 од 21.05.2026 година (прилог број: 1) се обрати до Советот на Град Скопје. Во предметното Барање, Министерството за образование и наука дава појаснување дека основањето на регионален центар за стручно образование и обука претставува значаен чекор кон обезбедување поквалитетно, поефикасно и поатрактивно стручно образование и обука, како и кон воспоставување систем за континуиран развој заснован на добри меѓународни практики, каде во процесот на избор биле анализирани повеќе критериуми, меѓу кои: трендовите во бројот на ученици, капацитетот на училиштата за соработка и мрежно поврзување, разновидноста на квалификациите и професиите што ги нудат, постоењето на постсредно образование и програми за образование на возрасни, квалитетот и отвореноста на раководниот кадар и вработените, инфраструктурните услови и буџетските капацитети, примената на учење преку работа кај работодавач, како и подготвеноста на установата да ја преземе улогата на регионален центар. Имајќи ги во предвид резултатите од спроведената анализа, спроведена од независен надворешен експерт, како и теренскиот увид реализиран во првите три рангирани училишта со цел утврдување на фактичката состојба и усогласеноста со наодите од анализата согласно утврдените критериуми за бодување по Записник со дел. број 13-7092/1 од 20.05.2026 година (прилог број: 2), Министерството за образование и наука бара согласност Средното училиште на Град Скопје „Марија Кири - Склодовска“ - Скопје да биде определено за регионален центар за Скопскиот плански регион.

Средното училиште на Град Скопје „Марија Кири - Склодовска“ - Скопје по донесување на Одлуката на Владата на Република Северна Македонија ќе продолжи со работа како Државно средно училиште - Регионален центар за стручно образование и обука „Марија Кири - Склодовска“ - Скопје, чиј основач ќе биде Владата на Република Северна Македонија со преземање на основачките права.

Врз основа на погоренаведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за давање согласност за основање на Средното училиште на Град Скопје „Марија Кири Склодовска“ - Скопје како државно средно училиште - регионален центар за стручно образование и обука.